Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-424/1
14.05. 25 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа Македонски народен театар - Скопје

ПРАВИЛНИК

За спроведување на аудиција и реаудиција во
Национална установа Македонски народен театар Скопје

Врз основа на Член 36 и 77, член 77-а, 77-б, 77-в, 77-г, 77-ѓ, 77-е, 77-ж, 77-з, 77-ѕ, 77-и, 77-ј, 77-к и 77-л од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24) и Член 22 од Статутот на Националната Установа – Македонски народен театар Скопје, Управниот одбор на Националната установа Македонски народен театар Скопје на ден 14.05.2025 година го донесе следниов:

ПРАВИЛНИК

За спроведување на аудиција и реаудиција во Националната установа Македонски народен театар Скопје

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат и уредуваат условите, органот и постапката за спроведување на аудиција и реаудиција, начинот на бодување и начинот на спроведување на истите во Националната установа Македонски народен театар Скопје (во натамошниот текст: Театар)

Член 2

Аудицијата се спроведува за:

- вработување на неопределено работно време;
- за други случаи кога за тоа ќе има потреба;

Реаудицијата се спроведува за:

- утврдување на способеноста на вработените во самостојно вршење на работи и работни задачи на работното место;
- за упатување на усовршување и дообразование заради оспособување на вработените во вршењето на други работи и работни задачи за потребите на театарот;
- за други случаи кога за тоа ќе има потреба;

Член 3

Аудиција се спроведува за засновање на работен однос на неопределено време, а реаудиција за актерите кои имаат засновано работен однос на неопределено работно време, согласно член 77-л Законот за култура.

Член 4

Согласно член 77-л, став (2) од Законот за култура, реаудиција не се спроведува за уметниците кои имаат 10 години до остварување на право на пензија.

Член 5

Реаудиција, согласно член 27 од Статутот на Националната установа Македонски народен театар Скопје и член 77-л од Законот за култура се организира на три години со цел вршење проверка на способностите, напредокот и залагањето на вработените актери, односно дали истите ги задоволуваат, не ги задоволуваат или особено се истакнуваат во вршењето на работите и работните задачи соодветно на работното место на кое се поставени.

Реаудицијата, за актери кои во моментот на донесување на овој правилник имаат исполнето работен стаж до три или повеќе години, може да се применува по изминување на шест (6) месеци од денот на донесување на овој Правилник.

2. ОРГАН И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ И БОДУВАЊЕ

Член 6

Аудицијата ја спроведува Комисија за аудиција која ја формира и предлага Директорот на Националната установа Македонски народен театар Скопје.

Комисијата за аудиција се состои од 5 (пет) члена од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција согласно член 77-ѓ став 3 од Законот за култура.

На членовите на Комисијата за учество во аудицијата им следува посебен надомест кој го утврдува Управниот одбор на Националната установа Македонски народен театар Скопје.

Траењето на мандатот на членовите на Комисијата ја одредува директорот со решението за формирање, а се формира во рок од 30 дена од донесувањето на овој Правилник.

Член 7

(1) Во постапката за селекција кандидатот давател на јавни услуги категорија А – уметници може да добие најмногу 80 бодови, од кои 20 од фазата административна селекција и 60 од фазата аудиција.
(2) Во фазата административна селекција се бодуваат: формално образование и работно искуство.
Кандидатот може да добие вкупно 20 бодови, од кои 0 до 10 бодови за формално образование и 0 до 10 бодови за работно искуство.
(3) Во фазата аудиција може да добие најмногу 60 бодови.
(4) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на аудиција .

Член 8

Реаудицијата ја спроведува Комисија за реаудиција која ја формира и предлага Директорот на Националната установа Македонски народен театар Скопје, која е составена од пет члена од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција согласно член 77-л од Законот за култура.
На членовите на Комисијата за учеството во реаудицијата им следува надомест кој го утврдува Управниот одбор на Националната установа Македонски народен театар Скопје со донесена одлука.
Траењето на мандатот на членовите на Комисијата ја одредува директорот со решението за формирање, а се формира во рок од 30 дена од донесувањето на овој Правилник.

Член 9

- Аудиција и реаудиција се закажува најдоцна 5 дена пред одржување на истата, а се состои од два дела и тоа:

- еден монолог по избор на кандидатот;

- еден задолжителен монолог зададен од страна на комисијата што се дава на кандидатот најдоцна 5 дена пред одржување на аудиција

- Кандидатите преку аудицијата треба да ги искажат своите способности за движење на сцена, говорна техника и способност за анализа на ликови и реализација на истите.

- Бодувањето на секој кандидат поединечно е составен дел на Записникот за селекција за вработување.

3. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Член 10

Претседателот на комисијата за аудиција објавува на огласна табла во Националната установа, оглас за спроведување на аудиција, во рок не поголем од 5 (пет) дена од крајниот рок за поднесување на пријавите за вработување. Преку електронска пошта ги известува кандидатите за денот, часот и местото на одржување на аудицијата, како и за улогата која задолжително треба да ја подготват и презентираат пред Комисијата, што се смета за уредно известување на кандидатите.

Член 11

Претседателот на комисијата за реаудиција, по укажаната потреба од реаудиција писмено ги известува кандидатите за денот, часот и местото на одржување на реаудицијата, како и за улогата која задолжително треба да ја подготват и презентираат пред Комисијата.

Доколку на кандидатите на може да им се достави писменото известување за реаудиција, по направениот обид Претседателот на комисијата може да ги извести кандидатите и преку огласната табла, по што во рок од 3 (три) дена од објавата ќе се смета за уредно известување на кандидатите.

Член 12

Аудицијата и реаудицијата Комисијата ги спроведува во полн состав, во присуство на сите членови.

По утврдување на присутноста на членовите на Комисијата, Претседателот на комисијата ја утврдува присутноста на пријавените кандидати и ги повикува истите да пристапат кон аудицијата, односно реаудицијата, за што се води посебен записник.

Член 13

Во записникот за одржаната аудиција, односно реаудиција, се впишуваат покажаните резултати на кандидатите по оценка на Комисијата, а кои резултати претставуваат мнозинство од поединечната оценка на Претседателот и на секој од членовите на комисијата. Кандидатите се оценуваат бодовно, согласно член 7 став 3 од Правилникот за аудиција и реаудиција со најмногу 60 бодови.

Член 14

После одржана аудиција, во рок од три дена Комисијата подготвува и до директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог кандидат. Директорот на јавната установа од областа на културата во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор. Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на веб страницата и на огласната табла на јавната установа од областа на културата. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на Националната установа од областа на културата. Во рок од осум дена од поднесената жалба, Управниот одбор заседава и донесува одлука по жалбата. Доколку жалбата не биде усвоена, незадоволниот кандидат по одлуката има право да поведе управен спор до Управниот Суд во рок од 30 дена. Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на јавната установа од областа на културата, носи решение за вработување и со избраниот кандидат склучува договор за вработување. Вложувањето на жалба и поведување на управениот спор од незадоволниот кандидат не го одложува извршувањето на решението за вработување со избраниот кандидат.

Во случај кога Комисијата ќе одреди дека нема кандидати кои ги исполнуваат условите, односно нема доволен број кандидати спрема објавениот оглас кои се бодовно оценети со најмногу 60 бодови, Претседателот на комисијата објавува нов оглас за преостанатиот број потребни кандидати за прием.

Право на пријавување имаат и одбиените кандидати.

Член 15

Директорот на предлог на комисијата во рок од пет дена донесува решение со кое се утврдува дали уметникот ја положил односно не ја положил реаудицијата.Уметникот кој

ја положил реаудицијата во рок од 30 дена од денот на завршувањето на реаудицијата, со решение се распоредува на истото работно место, односно може да се распореди на повисоко работно место.Уметникот кој не ја положил реаудицијата со решение се распоредува на истото работно место и е должен во рок од 6 месеци да полага нова реаудиција.Доколку и по втор пат не ја положи реаудицијата во рок од 30 дена уметникот со решение се распоредува на друго пониско работно место во јавната установа од областа на културата соодветно на неговото образование.За уметникот кој е распореден на пониско работно место во рок од шест месеци се организира повторна реаудиција. Доколку и по трет пат не ја положи реаудицијата, директорот донесува решение за престанок на работниот однос во јавната установа од областа на културата. Доколку ја положи реаудуцијата со решение се распоредува на работното место на кое бил пред полагањето на првата реаудиција.

Член 16

Претседателот на комисијата писмено ги известува кандидатите за покажаните резултати на аудицијата односно реаудицијата, и тоа во рок од три дена од одржувањето на истите.

Доколку на кандидатите не може да им се достави писменото известување за реаудицијата, по направениот обид Претседателот на комисијата може да ги извести кандидатите и преку огласна табла, по што во рок од 3 (три) дена од објавата ќе се смета за уредно известување на кандидатите.

Член 17

Уметникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението има право на приговор до управниот одбор на јавната установа од областа на културата. Управниот одбор одлучува во врска со приговорот во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот. Против одлуката на Управниот одбор може да се изјави тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката. Тужбата не го одлага извршувањето.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополнувања на Правилникот за аудиција и реаудиција се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

Член 19

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор на НУ Македонски народен театар Скопје, а Правилникот за спроведување на аудиција и реаудиција во Националната установа Македонски народен театар бр.02-958 од 23.11.2022 година се става вон сила.

НУ Македонски народен теататр Скопје
Претседател на Управен одбор
Ирена Папазова - Атанасовска